„Кој од вас ќе види зло, нека го промени со својата рака; ако не може, тогаш со својот јазик; ако не може, тогаш нека го осуди со своето срце, а тоа е најслабиот вид на иман.“

Ебу Сеид ел Худри, Аллах нека е задоволен со него, рекол: Го слушнав Божјиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, како вели: „Кој од вас ќе види зло, нека го промени со својата рака; ако не може, тогаш со својот јазик; ако не може, тогаш нека го осуди со своето срце, а тоа е најслабиот вид на иман.“

[رواه مسلم] [صحيح]

Божјиот Пратеник, салаллаху алејхи ве селем, нареди да се промени (спречи) злото - сè што Аллах и Неговиот Пратеник го забраниле - според можностите: Ако некој види зло, треба да го спречи со рака, ако е во можност. Ако не може, тогаш нека го спречи со зборови, советувајќи го сторителот, објаснувајќи му ја штетата и насочувајќи го кон доброто. Ако не го може ни тоа, тогаш нека го осуди со срцето, мразејќи го злото и со намера дека истото би го спречил кога би можел. Осудувањето со срцето е најслабиот вид на иман во спречување на злото.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65001